Врз основа на член 20, 21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ( Службен Весник на РМ бр. 143/11,78/13, 33/15 и 207/16) Трговското друштво за промет и услуги СУНИЛЕНС ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, го објавува следното

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Трговското друштво за промет и услуги СУНИЛЕНС ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, на ден 22.08.2017 год достави Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на енергија од обновливи извори до Регулаторна комисија за енергетика на Р.Македонија заведено со број УП1 бр.12-99/17.

**Назив на Барателот**:
Трговското друштво за промет и услуги СУНИЛЕНС ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, ул. Качанички Пат бр.140, индустриска зона Визбегово, Скопје

**Вид на енергетска дејност:**
Производство на електрична енергија

**Подрачје каде ќе се врши дејноста**:
Производство на електрична енергија ќе се врши од фотоволтаичен систем на кровот на објектот на КП бр.1100/1 КО Визбегово, Општина Бутел, Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста**:
Трговското друштво за промет и услуги СУНИЛЕНС ДООЕЛ извоз-увоз Скопје ќе произведува електрична енергија од фотоволтаичен систем на кров, лоциран на објектот на КП бр.1100/1 КО Визбегово, Општина Бутел кој е во сопственост на Барателот на лиценцата. Производството на електрична енергија преку инверторски систем ќе биде предадена на дистрибутивнивата мрежа. Инсталираната моќност на фотоволтаичниот систем ќе биде 189,21 kW.

**Времетраењето на лиценцата**:
Барателот бара лиценцата да трае 35 години.

**Рок на доставување на предлози, мислења и сугестии со Барањето за издавање на лиценца:**
Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да доставаат до Регулаторната Комисија за енергетика мислење и предлози во врска со Барањето во рок од 5(пет) дена од денот на објавување на Ивестувањето за Барањето во дневниот печат.

**Адреса на Регулаторна комисија за енергетика на РМ**
**ул. Македонија 6б, палата Лазар Поп Трајков, кат 6, 100 Скопје, Р.Македонија.**

Трговското друштво за промет и услуги
СУНИЛЕНС ДООЕЛ извоз-увоз Скопје